РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-189/2
17-06-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та, одржана на 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-189/1 од 12.01.2024 година, против лицето ___________, поранешен член на Управен одбор на ___________________, **СЕ ОТФРЛА.**
ДКСК утврди дека поради промена на фактичката состојба, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Врз основа на пријава од непознат подносител оформен е предмет број 09-189/1 од 12.01.2024 година со наводи дека лицето __________, поранешен член на Управниот одбор на ________________, е блиско лице со лицето ___________ од ______, вработена во ________ и сопственик на Друштвото за производтсво, трговија и услуги ______________ експорт- импорт ДООЕЛ Скопје.
Од извршената проверка во Историјатот на промени во Централниот регистар на РСМ бр.0811-50/150020240145497 од 18.04.2024 година за __________________________
ДКСК утврди дека лицето ___________________ бил член на Управниот одбор на ова акционерско друштво во период од 26.05.2021 година до 07.06.2022 година.

Имено ________________________ донесува Одлука за јавна набавка (на стока) бр.11-7/136 од 17.08.2023 каде што за предмет на јавната набавка се Адитиви за намалување на формирање на згура-троска во котли при согорување на јаглен ______). Согласно Одлуката за избор на најповолна понуда по Отворена постапка бр,14771/2023 заведена под бр. 11-7/136 од 02.10.2023 година за понудувач се избира Друштвото за производтсво, трговија и услуги ________ експорт - импорт ДООЕЛ Скопје каде што како сопственик е лицето ____________ видно од Тековната состојба изведена од Централниот регистар бр. 0805-50/150020240147013 од 19.04.2024 година.

Видно од списите во предметот може да се забележи дека лицето _______________ бил член на Управен одбор на _____________________ во период од 2021 до 2022 година, додека Одлуката за Јавната набавка е спроведена во 2023 година.

Поради фактот што пријавата се однесува против лица кои не се службени лица согласно член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно поради настаната промена на фактичка состојба, лицето _______________ не ја извршува повеќе функцијата член на Управниот одбор на ________________________, Државната комисија нема елементи за надлежно постапување по наводите од пријавата.

Имено, во член 8 став (2) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е дефиниран поимот службено лице и тоа:

*„(2) Под поимот „службено лице" се подразбираат сите избрани или именувани лица и вработените во јавниот сектор."*

По разгледување на предметните наводи, ДКСК на 6-та седница констатира дека во конкретниот случај не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК :
Изработил: м-р Б.К, виш соработник
Контролирал: К.З., раководител
Одобрил: С.С.М., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk